РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-374/4

03-09-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава на непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 51-та седница одржана на ден 31.08.2021 година донесе

**О д л у к а**

Постапката по предметот број 12-374 од 2021 година, оформен по пријава со број 12-374/1 од 22.01.2021 година доставена од непознат подносител, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-374 од 2020 година, во предметниот случај не се потврдени пријавените наводи.

Предметот со број 12-374 од 2021 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-374 од 2021 година е оформен по пријава со број 12-374/1 од 22.01.2021 година која до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) е доставена од непознат подносител - анонимна пријава.

Во доставената пријава изнесени се наводи против директорот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", за неправилности и непотизам во постапка за вработување спроведена по јавен оглас за вработување и наводи за недомаќинско работење. Во доставената пријава е наведено дека истата пријава била доставена и до други институции во Република Северна Македонија.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид предметните наводи и заради утврдување на целосната фактичка состојба достави барање за доставување на податоци и информации до надлежен орган. На барањето на ДКСК, доставено е известување со бараните податоци и информации и по извршениот увид во целокупната документација со која располага за предметниот случај ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

- Во конкретниот случај станува збор за наводи кои се однесуваат на јавен оглас за вработување на лица на две позиции, кој бил објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на 11.01.2021 година но, огласот не бил објавен на веб страницата на Академијата за судии и јавни обвинители, а за кој оглас во пријавата се изразува сомневање дека за една од работните позиции предвидени со овој оглас било планирано да се вработи лице кое било блиско лице, пријател на директорот. Станува збор за лицето, Зоран Павловски, кој и во моментот на поднесувањето на пријавата до ДКСК, бил вработен/ангажиран во Академија најверојатно по договор за дело и ја возел директорката, а автомобилот го задржувал и после работното време и со неа се возел со бензин на сметка на Академијата.

Во продолжение на пријавата наведени се и неколку наводи за недомаќинско работење во Академијата за судии и јавни обвинители и тоа за: недомаќинско трошење на пари за Комисијата за приемен испит на почетна обука, која била постојано ангажирана во Академијата, а по однос на редовно

добивање на кетеринг, храна и пијалаци, иако за својот ангажманот во Академијата добивале голем надомест; ангажирање на лица за предавачи во почетната обука, кои биле ангажирани во Академијата со надомест и кои лица биле блиски и подобни до раководството, а кои предавале на 60-тина слушатели. Но, иако предавањата се одвивале на далечина, т.е. слушателите ја следеле наставата од дома, предавачите наместо да предавале на сите 60 луѓе наеднаш, Академијата слушателите ги поделила на две групи, па така еден предавач предавал на една група а друг на друга и земале за тоа надомест. Потоа се наведува дека предавачите се менувале, односно предавале на другата група, а за истото предавање повторно земале надомест, што за подносителите давало сомнеж за неправилно и недомаќинско трошење на парите на Академијата и набавка на ново возило во Академијата, чија набавка била експресно извршена од страна на Наташа Габер - Дамјановска по стапување на функцијата директор, а кое возило се користело за доаѓање и одење од работа и ретко некогаш кога се одело надвор на некој состанок, а која што набавка за подносителите бил непотребен трошок за Академијата и според нив граѓаните не требало да го плаќаат доаѓањето на работа на функционерите.

-На 05.04.2021 година, по барање на ДКСК, доставено е известување од страна на Академијата за судии и јавни обвинители со кое се доставени информации и појаснувања по однос на наводите изнесени во предметната пријава, а од ивршениот увид во доставеното писмено од страна на ДКСК констатирано е дека во предметниот случај не се потврдуваат пријавените наводи.

Од вака утврдената фактичка состојба, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај, постапката по оформениот предмет да се запре, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Доставено до : Архива

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : С.П.Д. член на ДКСК